**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-612/**

# З А П И С Н И К

**Од 268.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 27.01.2025 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова **(скајп)**,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски**(скајп),**Селпин Керим, Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи **(скајп)**. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** **/** |

Седницата почна во 15.10 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.
.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 267.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Одлука за распишување на Јавен конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ.

3. Разно.

бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 267.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 267.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 267.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 267.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно усвоен.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Одлука за распишување на Јавен конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ.**
Вовед во оваа точка пред членовите на Програмскиот совет на МРТ даде Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац која истакна дека во консултации со Менаџментот на МРТ и со други чинители е заклучено дека временската рамка односно редоследот на настаните од минатите години не доведе до мислење добиено како автентично толкување преку Собранието на РМ во кое беше наведено дека ние сме постојни членови и затоа немаме право да вршиме избор на Директор на МРТ како и за негов заменик. После тоа мислење немаме никаков избор направено како тело, иако во меѓувреме два члена на Надзорниот одбор на МРТ си дадоа оставки поради назначување на други функции и ние не направивме избор за нови, и затоа останува отворено прашањето дали ние имаме мандат да распишуваме конкурс за избор на членови на нов Надзорен одбор на МРТ и од сите овие причини на став сме да побараме Автентично толкување од Собранието на РСМ.
Бидејќи согласно закон ние немаме право да бараме Автентично толкување од Собранието на РСМ истото би го направиле преку некој пратеник во Собранието.

После расправата по оваа точка беше предложен следниов **Заклучок:**
- Програмскиот совет на МРТ предложи преку пратеник во Собранието на РСМ да се испрати Барање за автентично толкување до Собранието на РСМ, со тоа што кога ќе биде готов финалниот текст на барањето, да биде доставен на потврда преку е-маил до членовите на Програмскиот совет на МРТ.

-Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред не се одржа расправа.

Седницата заврши во 15.50 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател